# ЗАНАЕТЧИЈА

АПРИЛ 2015 / БРОЈ 23 - Публикација на Занаетчиска комора Скопје - www.zkskopje.org.mk




## ЗАНАЕТЧИСТВОТО Е СÈ ОКОЛУ НАС

- ДЕНОВИ НА ЗАНАЕТЧИСТВО И ПРОЛЕТЕН БАЗАР
- ОБРАЗОВЕН ЦЕНТАР
- ОБУКА ЗА МЕНТОРИ
- ТОРТИЈАДА 2014
- ДЕНОВИ НА ФИЛИГРАНСТВО
- Б2Б СРЕДБИ
- ЖЕНСКИ СВЕТ
- НОВОГОДИШЕН БАЗАР
- УЧИМЕ ЗА ЗАНАЕТИТЕ
- ВИНОТО И ЉУБОВТА

# ДЕНОВИ НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО И ПРОЛЕТЕН БАЗАР



Традиционално и годинава се отвори манифестацијата Денови на занаетчиство 2014 и Пролетен Базар на домашни ракотворби. Целта на оваа манифестација е промоција на занаетчиството и занаетчиите, нивните производи и услуги, како и доближување на занаетчиството до младите луѓе, обичниот граѓанин и институциите.

Преку оваа манифестација Занаетчиската комора Скопје врши континуирана кампања за промоција на занаетчиството како битен фактор за економскиот развој на државата и за зачувување на традицијата и културата на нашата држава.

Манифестацијата ја отвори Претседателот на Занаетчиска комора Скопје, г-динот Никола Петров. Како резултат на воспоставената соработка со Турскиот културен центар – Јунус Емре Скопје и продолжување на соработ-ката со Градот Скопје, свое обраќање на мани-фестацијата имаше и директорот на Турски Културен Центар и Претставник од секторот ЛЕР Град Скопје г-ѓа Билјана Стојмановска. Претставник од АВРМ г-дин Горан Јова-новски пред присутните занаетчии ги презен-тираше мерките на вработување и само-вработување подржани од Владата на Р. Македонија.

Дел од Манифестацијата преку свои промотивни штандови беа и средните стручни училишта на Градот Скопје, и тоа: СЕТУГС Михајло Пупин, АСУЦ Боро Петрушевски, СУГС Георги Димитров, СУГС Лазар Танев, СУГС Владо Тасевски. Целта е промоција на тригодишното и четиригодишното средно стручно училиште, подигање на јавната свест кај младите луѓе за зголемување на нивниот интерес за запишување во некое од средно стручно образование, каде што ќе се стекнат со квалитетно теоретско образование и практична обука што ќе резултира со стекнување на вештини и компетенции кои ќе им овозможат полесен пристап на пазарот на трудот и поголеми можности за вработување или самовработување.

Во рамките на манифестацијата се одржа и Пролетен базар на домашни ракотворби, проект реализиран од Занаетчиска комора Скопје, а финансиски подржан од Градот Скопје.

На базарот учествуваа креативните занаетчии од редот на домашните уметнички ракотворби и тоа: изработувачи на накит од филигран, накит од монистра, слики од срма, плетени и ткаени производи, папуции, јорганџии, производи од дрво и многу други.



Содржините на Манифестациите дополнително ја збогатија и ревија на накит изработен со финансиска подршка од Министерството за култура на РМ, накит од филигран, накит од бакарна жица кој го изработуваат членови на Занаетчиска комора Скопје, како и накит од сребрена жица на членовите на Турскиот културен Центар Јунус Емре Скопје. Потоа следуваше и ревија на фустани изработени од Модно ателје СИЛВИЈА, кои модели беа претставувани од учениците од СУГС Димитар Влахов кои презентираа фризури израбо-

тени од учениците од Средното училиште Димитар Влахов и шминка дело на АРТ НАИЛС Колинда, на кои беа доделени благодарници.



**На манифестацијата беше доделена плакета за истакнат занаетчија на Цвете Темова - Козметички салон ТЕМОВ Скопје.**

## ДЕНОВИ НА ФИЛИГРАНСТВО

Заврши настанот ,,ДЕНОВИ НА ФИЛИГРАНСТВО,, кој се одржа од 9-ти до 11-ти мај во Skopje City Mall  на кој учествуваа 11 филигранисти и други изработувачи на накит, настан кој беше рај за очите и душата, спој на старите традиционални техники и вештини и новото модерното уникатен рачно изработен накит кој би го посакала секоја жена да го има за себе.

Целта беше да го сочуваме филигранот од заборав, бидејќи е дел од нашата култура и традиција на живеење и обележје на Македонија.




Беа претставени млади филигранисти и изработувачи на накит кои се дел од лицата кои се обучија во Филигранската работилница на Занаетчиската комора Скопје и се осмелија да отпочнат бизнис.

## ОБРАЗОВЕН ЦЕНТАР ЗА ВОЗРАСНИ

На 17.02.2015 година Занаетчиска комора Скопје како асоцијација која ги здружува занаетчиите и вршителите на занаетчиската дејност на подрачјето на Град Скопје и се грижи за создавање услови и рамка за подобри услови за развој на занаетчиството, а една од приоритетните задачи е создавање кадар за занаетчиите и кадар за отпочнување сопствен микро бизнис од областа на занаетчиството, изврши промоција на Центарот за вештини и компетенции.



Во таа насока изминатите години на барање на занаетчиите и следење на пазарот на трудот се покажа дека голем дел од компаниите имаат недостиг од профили од стручно образование кои ќе се вклучат директно во процесот на работа.

Во текот на на обуката лицата се стекнуваат со стручни квалификации, вештини и компетенции за одредени занаетчиски профили со кои стануваат атрактивни на пазарот на трудот како во Република Македонија, така и во земјите на Европската Унија.

Цел на основачот е основање на Центар за обука кој ќе ги промовира европските стандарди на квалитетна професионална, стручна обука во која ќе се практикува демократичноста, инвентивноста, креативноста, индивидуалност и која ќе обезбедува основа на доживотно учење и обука.

Начинот на работа во Центарот за обука ќе се заснова на развој на личноста и неговата креативност низ процесот на образование, стекнување на нови применливи знаења и развивање на вештини и компетенции во професијата, што значи обуките се индивидулни бидејќи обучувачот го следи неговиот напредок во совладување на вештините и компетенциите.

Исто така во склоп на манифестацијата промоција на Центарот за вештини и компетенции на Занаетчиската комора Скопје се доделија првите сертификати за филигранисти според програма верифицирана од Министерство за образование и наука на Република Македонија и Центарот за образование на возрасни.

## ОБУКА ЗА МЕНТОРИ

Во Занаетчиската комора Скопје се спроведе обука за ментори. На обуката можеа да се пријават занаетчии со 3 годишно работно искуство во струката и соодветно стручно образование. Обуката се спроведе во соработка со Центарот за стручно образование и обука. Работодавачите со добивањето на диплома за ментор ќе имаат можност да обучуваат ученици во своите прос тории и со тоа да се вклучат во стручното образование пренесувајќи го своето знаење на младите.





## МЕЃУНАРОДНАТА ТОРТИЈАДА ИНТЕРСКОПКЕЈКС 2014

Членови на секцијата слаткари при Занаетчиската комора Скопје учествуваа на Меѓународната тортијада во професионалниот дел кој се одржа на 25.10.2014 година во ТЦ Веро Скопје и ги освоија следните награди:

**ПРВО МЕСТО**
**СЛАТКАРНИЦА 511 - БИЛЈАНА СТЕФАНОВСКА**

**ВТОРО МЕСТО**
**СЛАТКАРНИЦА МОЦАРТ-БИЛЈАНА ЗОГРАФСКА**

**ПОФАЛНИЦА**
**СЛАТКАРНИЦА ВИСТА-ЕВИЦА БАРУТОВСКА**

Во делот креативни занаети се презентираа МАЈ ПРЕШС - накит од филигран, ДАННА - накит од бакарна жица и камен, ДОРА НОВА накит од сребро и бакар АНИМА МУНДИ - производи од керамика.







## РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТОТ МОЌТА НА ДИЗАЈНОТ И ЗАНАЕТОТ

Занаетчиската комора Скопје реализираше уште еден успешен проект финансиран од Министерството за култура со назив “Моќта на дизајнот и занаетот”. Со ова се допринесе за подржување, зачувување и развивање на традиционалното уметничко занаетчиство на Македонија.

Преку овој проект се направи спој на занаетчиските вештини и техники од една страна и креативноста на дизајнерите од друга страна, спој кој се надеваме дека ќе ги даде посакуваните резултати, а тоа е зголемување на интерес за креативни занаетите и можност занаетот да прерасне во креативна индустрија.



Преку овој проект се организира креативна работилница на која заеднички твореа дизајнерот и занаетчиските ракотворци и создадоа производи со нови материјали тафта, брокат, кадифе, свила крзно и трендовски бои .

## Б2Б СРЕДБИ МЕЃУ НАЗФАТ И ЗАНАЕТЧИИТЕ

Занаетчиската комора Скопје во соработка со Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (АСИПИРМ), преку економскиот промотер во Шведска беше контактирана од компанијата **Nazfat AB** www.nazfat.com која е заинтересирана за производство на икони и други црковни сувенири. Претставникот на шведската компанија Азар Аси беше во посета на Македонија при што се организираа средби со претставници од Занаетчиската комора Скопје и се одржаа во просториите на ЗКС на 09 Мај 2014 г.

Деловните средби беа успешно реализирани, со презентација на занаетчиските производи од страна на занаетчиите и договорена понатамошна соработка со шведската компанија.

## ОВА Е ЖЕНСКИ СВЕТ

Од 06-08 Март 2015 година Занаетчиска комора Скопје и RAMSTORE MALL Skopje организираа манифестацијата ОВА Е ЖЕНСКИ СВЕТ.





На АРТ БАЗАР учествуваа Филигран КД Јувелир Скопје, Јувелир со стил My Precions Скопје, Рачна изработка на свеќи ЕЛИДА, Уметнички ракотворби Craft end Art - декупаж техника.

На настанот УБАВИНА ЗА ПОНЕЖНИОТ ПОЛ жените посетители на RAMSTORE MALL Skopje добија ваучери за бесплатна фризура, шминка и декорација на нокти, кои ги работеа Фризерски салон ДРАГИЦА, Козметичко студио СОФИЈА и КРИСТАЛ КОЗМЕТИКС Скопје.

## МАГИЧЕН НОВОГОДИШЕН БАЗАР



По повод Новогодишните и Божиќните празници Занаетчиска комора Скопје и Сити Мол организираа Божиќен Базар на креа-тивни занаетчиски производи кој се одржа од 18-21 Декември 2014 година во Скопје Сити Мол.

На Магичниот Новогодишен базар земаа учество членови на Занаетчиска комора Скопје од областа на домашното и уметничкото ракотворење.

## УЧИМЕ ЗА ЗАНАЕТИТЕ

Занаетчиската комора Скопје во соработка со Скопје Сити Мол организираше успешен проект под назив "Учиме за занаетите", кој се реализираше во Скопје Сити Мол во месец Јуни 2014 година.



Во проектот активно учество земаа членови на Занаетчиската комора Скопје кои на децата преку процес на игра им ги презентираа занаетите кои ги вршат, и тоа: слаткари, декорација на нокти, уредување на простор, кроење и шиење и др.

## ВИНОТО И ЉУБОВТА

По повод празнувањето на св. Трифун и св. Валентин, Занаетчиска комора Скопје, МАТА и Скопскиот саем одржаа АРТ БАЗАР во Арт салонот на Скопски саем.

Со овој настан официјално се отвори Арт салонот за јавноста и посетителите во изминатите два дена имаа можност да се дружат со творителите на изложените уметнички дела.

# • ИНИЦИЈАТИВИ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ ВО ЗАНАЕТЧИСТВОТО •



## ПРЕДЛОГ ДО ВЛАДА НА РМ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

Во член 13 став 1 од Законот за регистрирање на готовинските плаќања е предвидена обврската за сите даночни обврзници без никаков исклучок кои што имаат просечен промет во деловниот објект од над 5.000 ЕВРА во денарска проттивредност во рамките на тримесечниот период, да закупат и регистрираат покрај главен фискален систем на опрема и резервен фискален систем на опрема, која се користи во случај на оштетување и ремонт на главниот фискален систем на опрема.

Ваквата одредба предизвикува реакција и незадоволство на скоро сите занаетчии поради обврската за набавка и регистрирање и на резервен фискален систем на опрема.Тие преку Занаетчиската Комора Скопје се обраќаат до Вас со барање да се измени членот 13 став 1 од Законот и да бидат изземени исто како и автотакси превозниците, покрај обврзниците кои вршат промет на нафтени деривати на мало (бензиски пумпи).

Се предлага членот 13 став 1 од Законот да се дополни и после зборовите (бензиски пумпи) да се стави запирка и да се додадат зборовите "вршителите на занаетчиска дејност".

Цениме дека ваквото нивно барање е оправдано зошто оваа група обврзници – занаетчиите, претставуваат микро бизнис во државата и за нив ова претставува големо финансиско оптовару-

вање затоа што мора да набават покрај нов фискален систем со електронско поврзување на објектот со Управата за јавни приходи, и резервен фискален систем.

Добро Ви е познато дека занаетчиите се ниско доходовни и со големи потешкотии ги покриваат трошоците на работењето.

Набавката на нов фискален систем и резервен фискален систем ќе им претставува дополнителен финансиски трошок, доколку по итна постапка не се дополни членот 13 став 1 од Законот за регистрирање на готовинските плаќања

Поради овие причини бараме занаетчиите кои имаат еден деловен објект да бидат ослободени од обврска за набавка на резервен фискален систем на опрема, а тие што имаат два или три деловни единици да имаат обврска да имаат еден резервен ситем на опрема, а не за секој објект да има еден главен и резервен фискален систем,со што ќе им се овозможи да продолжат да ја вршат дејноста и не да ја згаснуваат со престанок на работењето. Со предложеното дополнување на членот 13 став 1 од Законот, средствата наменети за набавка на резервен фискален уред ќе ги искористат за набавка на репроматеријали, или покривање на тековни трошоци, или исплата на плата на вработените.

## ОДГОВОР ОД ВЛАДАТА НА Р. МАКЕДОНИЈА

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за изменување на одредби од Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија" бр.31/01...115/14), во насока на изземање на вршителите на занаетчиска дејност од обврската за обезбедување на резервен фискален систем на опрема, Министерството за финансии согласно своите надлежности Ве известува за следното:

Министерството за финансии со внимание го разгледа доставеното барање за изменување на членот 13 од Законот за регистрирање на готовински плаќања како и доставените Предлог-измени на Законот.

Во однос на истите, Ве известуваме дека Министерството за финансии дополнително ќе ги преиспита можностите за имплементација на барањето, по анализата на импликациите кои произлегуваат од истото.

Исто така, Ве известуваме дека Министерството за финансии ја цени соработката и останува на располагање за понатамошна комуникација со цел разгледување на предлозите кои се доставени од страна на Занаетчиската комора Скопје.

Со почит, Игор Димитров, *Државен секретар*

## БАРАЊЕ ДО ГРАД СКОПЈЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦЕНАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Поради многубројните проблеми и реакции од занаетчиите – регистрирани за производство на пекарски и слаткарски производи: пекари, слаткари и слични дејности регистрирани за вршење на дејност го поднесуваме ова барање. Проблемите кои се појавуваат со добивањето на одобрение за користење на јавни површини за поставување на летни тераси се следните:

1. Постапката започнува со обврската на занаетчијата да изготви соодветен елаборат за поставувањето на масите и столиците на јавната површина за која занаетчијата треба да добие одобрение од Град Скопје, цената за изготвување на

елаборатот изнесува околу 9.000,00 денари што претставува големо финансиско оптеретување за занаетчијата:елаборатот треба да ги содржи следните податоци и прилози:

• Назив и седиште, односно име и презиме и адреса на живеење , извод од соодветен регистар, доказ дека се исполнети минимално техничките услови за вршење на дејноста, употребна дозвола за деловна просторија пред која се врши дејноста, извод од ДУП, детален цртеж со опис на постојната состојба на бараната површина со околниот простор во размер од која може јасно да се согледа ситуацијата, детален цртеж со опис на новата ситуација на бараната површина со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура во размер, детален цртеж со опис и детали на урбан мебел и опис на предвидени мерки за заштита од пожар и еклпозија.

• Потребен документ за добивање одобрение е и документ од општината во која се наоѓа објектот- потврда за микролокациски услови за што се плаќа дополнително административна такса;

• Занаетчијата согласно погоренавеното има обврска за изработка на елаборат, доставување на тековна состојба од ЦРМ, изработка на детален цртеж со опис на новата ситуација, потврда за микролокациски услови, извод од ДУП, што претствува големо финансиско оптеретување за занаетчијата.

Согласно одлуката на Советот на град Скопје од 23.04.2008 година за определување на висината на закупот на јавните површини што се користат за вршење на дејност, висината на закупот се определува во зависност од зоната во која се наоѓа јавната површина, големината на површината-изразена во м2 и времетраењето на користењето на јавната површина. Подрачјето на градот Скопје е поделено на три зони и тоа 1-ва зона, 2-ра зона и 3-та зона, по цена од м2 за која постојано има реакција од занаетчиите пекари и слаткари дека станува збор за висока сума и за која предлагаме да се намали за 50% од постојната тарифа, или да се утврди паушален износ за плаќање за користење на јавни површини за летни тераси за користење простор за 6 месеци временски период.

Со овие одлуки се изедначени условите и цените за користење на јавните површини за угостителите, трговијата на мало и занаетчиските дејности, што не е реално од причина што угостителите и дејностите од областа на трговијата остваруваат поголем приход за разлика од занаетчиските дејности, кои вршат продажба на сопствените производи.

## ОДГОВОР ОД ГРАД СКОПЈЕ

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање Ваш бр. 0302-239 од 04.09.2014 год доставено до Градоначалникот на Град Скопје и Претседателот на Советот на Град Скопје , со кое барате изменување и дополнување на Одлука за определување на висината на закупот на јавни површини што се користат за вршење дејност и Одлуката за користење на јавни површини во Градот Скопје, Ве известуваме следното:

Согласно своите надлежностите кои на Град Скопје му дадени со одредбите од законите: Закон за локална самоуправа, Закон за град Скопје, Закон за просторна и урбанистичко планирање, Закон за градење, Законот за трговија, Закон за угустителска деајност, Закон за вршење на занаетчиска дејност, Закон за комунални такси и др. Град Скопје донаесе:

• Одлука за стандарди за поставување на времени објекти, мебел и урбана опрема на подрачјето на град Скопје. Со оваа Одлука се утврдуваат стандардите за поставување како и други прашања од значење за поставувањето на урбаната опрема.

• Одлука за користење на јавни површини во градот Скопје. Со оваа Одлука се утврдува користењето на јавните површини, постапката за стекнување на право на нивно користење преку добивање одобрение за вршење на дејност, согласност и одобрение за поставување на подвижни објекти на јавни површини , како и други прашања од знзчење за користењето на јавните површини на градот, а притоа да не го нарушуваат слободното движење на пешаците.

За користење на јавни површини се наплаќа комунална такса согласно Законот за комунални такси. Комуналните такси се наплаќаат според Тарифата за комунални такси што е составен дел на овој Закон.

Висината на комуналната такса е утврдена со Одлука за висината на комуналните такси во Град Скопје.

Доколку се направат измени во Законот за комунални такси и Советот на Град Скопје донесе нова Одлука за висината на комуналните такси, стручните служби на Град Скопје ќе ја спроведуваат.

Со почит,

Александар Јанакиески, *Раководител на сектор*

## БАРАЊЕ ДО ВЛАДА НА РМ ЗА ИЗМЕНА ИЛИ ОДЛОЖУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДДВ

Поради незадоволство на голем број занаетчии кои вршат услужна дејност од Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност во кој се пропиша дека обврска за регистрација на ДДВ имаат сите кои ќе остварат 1.000.000,00 денари вкупен годишен промет ,наместо досегашниот износ од 2.000.000,00 денари бараме оваа одредба од законот да се измени или да се одложи до 2020 год.

Сметаме дека постојното законско решение содржано во чл. 51 од Законот за додадена вредност (Службен весник на Р.М број 44/99, .....112/2014) е функционално и нема потреба од измени на чл. 51 став 1, 6, 10 од Законот за данокот на додадена вреднсот.

Со ова измена на чл. 51 став 1, 6, 10 и намалување на прагот на задолжителна регистрација за цели на ДДВ од 2.000.000 денари на 1.000.000 денари што е пропишано во член 10 од Законот за данокот на додадена вредност ќе доведе до законска обврска за регистрација за данок на дададена вредност на поголем број на субјектите кои ќе имаат обврска да пресметуваат ДДВ,а тоа значи во старт зголемување на прилив од ДДВ по овој основ во буџетот на РМ.

Оваа измена на Законот за ДДВ ќе ги погоди најмногу микро или малите бизниси односно услужните занаетчиски дејности.

Во оваа група на дејности кои ќе го поминат прагот од 1.000.000 денари и ќе бидат ДДВ обврзници ќе бидат многу занаетчиски дејности.Ова значи дека цените на овие занаетчиски услуги ќе треба да се зголемат за 18% колку што изнесува ДДВ.

Поради овие причини или ќе мора да ги зголемат цените на своите производи или услуги или ќе мора да отпуштат од работа еден или двајца вработени со цел да не го надминат прагот од 1.000.000,00 денари.

Доколку се одлучат за зголемување на цената на своите производи или услуги знаејќи дека овој данок го плаќаат граѓаните,а најголем број граѓани се со мала куповна моќ или невработени, кои се крајни потрошувачи на овие занаетчиски услуги, тие нема да ги кристат или поретко ќе ги користат овие услуги а поради тоа ќе им опадне вкупниот промет на занаетчиите.Така да занаетчиите ќе се регистрираат за ДДВ обврзници, ќе ги зголемат цените на услугите и ќе им се на-

намали прометот. Доколку се одлучат за отпуштање на вработени ќе се соочат со неможност за услужување на потрошувачите бидејќи работат со ниски цени и мала заработувачка и тоа ќе доведе до престанок на бизнисот.

За да се надмине прагот од 1.000.000 денари потребно е да оствари околу 85.000 денари вкупен месечен промет,а тоа во груба пресметка значи минимална бруто плата од 16.000 денари,закупнина 20.000 денари,електрична енергија 10.000 денари ,греење 5.000 денари, репроматеријалот во вкупниот промет изнесува од 10-15% а тоа значи околу 15.000 денари ,трошоци за сметководство,други административни трошоци за водење на обврски и веќе се надминува промет од 85.000 денари X 12 месеци = 1.020.000 денари.

Се надеваме дека Владата на РМ ќе го повлече го измени член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност или ќе ја одложи оваа одредба до 2020 година, ќе ги раагледа уште еднаш позитивните и негативните страни на оваа измена.

## ОДГОВОР ОД ВЛАДАТА НА Р. МАКЕДОНИЈА

Почитувани,

Во врска со доставеното барање за измена или одложување на Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, Министерството за финансии Ве известува за следното:

Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност (Службен весник на Република Македонија бр. 130/2014), се извршија измени во делот кој се однесува на прагот за регистрација за цели на данокот на додадена вредност, односно се пропиша намалување на прагот за регистрација за цели на данокот на додадена вредност, односно се пропиша намалување на прагот за регистрација за цели на данокот на додадена вредност од 2.000.000 денари на 1.000.000 денари. Во Законот исто така е содржана и преодна одредба според која е пропишано дека одредбите кои се однесуваат на намалувањето на прагот на регистрација ќе се влезат во сила од 01 јануари 2015 година.

Со ова решение е предвидено да се намали бројот на субјектите кои не пресметуваат ДДВ, а чија дејност овозможува повисока додадена вредност (услужните дејности), со што се очекува да се обезбеди зголемување на лојалната конкуренција на пазарот.

Од денот на примена на овие одредби, сите даночни обврзници, чиј вкупен промет во изминатата календарска година надминал износ од 1.000.000 денари или чиј вкупен промет се предвидува на почетокот од вршењето на стопанската дејност дека ќе надмине износот или во текот на годината го надмине износот, обврзани се за регистрација за данокот на додадена вредност.

Даночните обврзници кои се регистрирани за цели на данокот на додадена вредност, освен обврската за пресметување на данокот на додадена вредност, имаат право и на одбивка на претходниот данок доколку ги исполнат условите пропишани во членот 33 и 34 од Законот за данокот на додадена вредност.

Со почит, Зоран Ставрески, *Заменик Претседател на Влада и Министер за финансии*

## ОДГОВОР ОД ВЛАДАТА НА РМ ЗА ИЗЗЕМАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

Со допис бр. 03-02-326/1 од 01-12-2014 се обративте до Владата на Република Македонија - заменик претседател на Владата на Република Македонија за Еко-

номски прашања г-дин Владимир Пешевски и поднесовте барање за изземање на физичките лица кои самостојно вршат дејност - занаетчиите, од Законот за архивски материјал и Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предметниот допис Министерството за информатичко општество и администрација го достави до Државниот архив на Република Македонија на одговор.

Како одговор на Вашето барање Ве известуваме за следното:

На ден 27-11-2014 година претставници од Секторот за инспекциски надзор на Државниот архив на Република Македонија и претставници на Занаетчиската комора - Скопје (Снежана Дешковска - извршен директор и Анета Атанасова) се сретнаа во просториите на Одделение Скопје на Државниот архив и претставници на Занаетчиската комора - Скопје беа запознати дека Државниот архив ќе иницира измена на Законот за архивски материјал во смисла физичките лица кои самостојно вршат дејност - занаетчиите да бидат изземени он обврскитс дадени во Законот за архивски материјал.

Како резултат на погоре изнесеното Ве известуваме дека Државниот архив на Република Македонија е во постапка за иницирање на измени и дополнувања на Законот за архивски материјал во смисла физичките лица кои самостојно вршат дејност - занаетчиите да бидат изземени од обврските дадени во Законот за архивски материјал. Таа иницијатива ќе биде доставена до Министерството за информатичко општество и администрација како овластен предлагач на закони.

Со почит,

Д-р Зоран Тодоровски, *Директор*

## БАРАЊЕ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**Барање за прием во врска со постапката за измена на Законот за безбедност на патишта и Член 39 содржан во законот за формата и содржината на образецот на возачка дозвола, начинот на нивното издавање и заменување и за начинот на водење на евиденциите за издадени возачки дозволи и возачки книшки во Министерството за внатрешни работи.**

Врз основа на донесените прописи со кои МВР ги превзеде работите за изработка на фотографии за лични документи,пасоши,дозволи,лични карти им се намалува работата на фотографите на кои овие фотографии им претставува 50% извор на приходи.

Бидејќи МВР ги превзема овие активности, работата и приходите на фотографите им се намалија за 50% а тоа значи дека ќе дојде до отпуштање од работа на голем број вработени како и до затварање на фотографските дуќани.

Фотографската дејност е една од најскапите дејности затоа што вложувањето во деловниот простор и опрема како и перменентно вложување во нови технологии и сето тоа влијае да просечно едно работно место во оваа дејност е околу 10.000 Евра.

Со тоа што Министерството за Внатрешни работи ги превземе работите од фотографите на територија на РМ директно допринесува:

• на смалување на обемот на работа и изворот на приходи,со што драстично влијае на бизнисот на фотографите и нивните вработени

• за отпуштање на најмаку 600 вработени

• за затварање на најмалку 100 дуќани на кои најголем извор на приходи е изработка на овој вид фотографии

• им опаѓа кредитната способност на фотографите кои имаат набавено опрема со кредит или лизинг

• директно влијае на намалување на буџетските приходи врз основ на даноци и придонеси

• индиректно влијае на поскапување на фотографските услуги за да ги надоместат приходите кои ги губат со одземање на овие услуги

• ги доведува во неповолна положба крајните корисниците на фотографски услуги кои сето ова ќе треба да го платат

Овој проблем Хрватска и Словенија го имаат решено и МВР врши скенирање на фотографиите кои ги изработуваат фотографите според точно утврдени стандарди,во Србија за возачка дозвола се неопходни кон останатите документи да се приложат и две фотографии, за лична карта и патна исправа е оставено по желба на странката. Во ниту една европска земја фотографирањето не го врши МВР туку фотографите.

Поради постојната измена на законската регулатива на Предлог закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, кој што предлог е на веб страната на електронски национален единствен регистар на прописи - www.ener.gov.mk и е ставен на мислења и предлози од засегнатите страни, во Член 395 се остава министерот да ја пропише формата и содржината на образецот на возачка дозвола, начинот на нивното издавање и заменување и за начинот на водење на евиденциите за издадени возачки дозволи и возачки книшки во Министерството за внатрешни работи, што значи дека ќе се менува формата и содржината на образецот на возачката дозвола, односно сите издадено возачки дозволи ќе мора да се менуваат согласно прописот кој ќе се донесе.

**Согласно горенаведеното Занаетчиската комора Скопје го дава следното предлог решение:**

Занаетчиската комора Скопје, Секцијата на фотографи предлага исклучиво фотографите и вршителите на фотографска дејност да фотографираат и изработуваат фотографии за возачки дозволи и меѓународни возачки дозволи ,а МВР да врши само скенирање,од причина што ова е стопанска дејност и треба да ја вршат стопанственици, а не државен орган.

На стопанствениците е потребно, а посебно на малите и микро бизниси да им се обезбеди една стабилна клима и услови во кои можат да работат,планираат и се развиваат.

На сите овие стопанственици фотографи и покрај тоа што им се намалува работата и приходот не им се намалуваат даноците, придонесите, закупнините, струјата, водата, комуналиите, таксите и сл.

Сметаме дека овој проблем треба да се реши на тој начин што ќе направи една средба на Занаетчиската комора со ресорните министерства и тоа, Министерство за економија,Министерство за финансии,Министерство за внатрешни работи и Министарство за труд и социјална политика и ќе го решат овој проблем.

Со поздрав и желба за добра соработка и разбирање на проблемите на стопанствениците почитувајќи го вашето време и работни обврски и ангажирања Ве молиме да утврдите термин за средба и да не известите писмено, телефонски или по е-маил.

## ОДГОВОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Постапувајќи по Вашиот допис под горе-наведениот број и датум, со кој барате средба во врска со Предлог на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и подзаконскиот акт кој ја регулира формата и содржината на образецот на возачката дозвола, начинот на нивното издавање и заменување и за начинот на водење на евиденциите за издадени возачки дозволи и возачки книшки, во однос

на барањето за изработка на фотографии за возачки дозволи од Ваша страна, врз основа на извршената анализа, Ве известуваме:

Процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија во доменот на правда и внатрешни работи, ја имплицираше потребата Република Македонија во комплексниот евроинтегративен процес, да имплементира мерки односно да ги примени ICAO меѓународните стандарди во содржината на образецот на личната карта, патната исправа и возачката дозвола, податоците кои се испишуваат во наведените документи, техничките, заштитните и безбедносните елементи кои треба да ги содржат, како и примена на меѓународните стандарди во изработката и начинот на издавање на наведените документи. Всушност преку операционализација на Проектот „Нови документи за лична идентификација" се постигна инкорпорирање на ICAO стандардите во документите за лична идентификација, со цел подигање на степенот на заштита на истите, како и усогласување на идентификационите документи со меѓународ- ните инструменти и стандарди.

Еден од предусловите во подготовките за членство на Република Македонија во Европската унија е јакнење на интегрираното гранично управување, склучување на договори за реадмисија и воведување на патни исправи со биометриски податоци, со висок степен на нивна заштита, со цел да се намали можноста од нивно фалсификување.

Земањето на биометриски податоци на непосреден начин (т.н. во живо) е дел од безбедносниот концепт и стандардите за квалитет на постапката за издавање на сигурни лични документи. Фотографирањето и земањето на отпечатоци се дефи- нираат како постапки за земање на биометриски податоци и имаат ист третман. Поради безбедносни причини препорака е овие две постапки да не се раздво- јуваат, заради можноста од несоодветна комбинација на податоците и нивна злоупотреба.

Согласно прописите во постојната постапка, овој принцип на земање на податоци во живо се применува и земените податоци (во целост) се потпишуваат дигитално од страна на овластено лице, како еден комплет на податоци со кој е дефиниран идентитетот на лицето и со тоа се дефинира целосната одговорност на овластеното лице за самата постапка. Со скенирање на фотографијата би се довела во прашање оваа постапка од безбедносен аспект.

Со фотографирањето во живо се врши контрола на квалитетот на самата фотографија во однос на ICAO стандардите и исполнувањето на условите за нејзина употреба во системите за автоматско препознавање. Во текот на постапката на аплицирање при самото фотографирање постои контролен механизам, со кој фотографирањето се изведува во толку наврати колку е потребно за да се постигне бараниот квалитет. Ова не е можно адекватно да се примени во услови на скенирање на приложената фотографија од страна на граѓанинот.

Контролата на квалитетот на земената фотографија е значајна заради инспециските системи на граничните премини.

Овие системи ги користат податоците од фотографијата персонализирана во чипот за споредување со фотографијата земена во живо, а заради верификација на идентитетот на лицето.

Германското Министерство за внатрешни работи во своите анализи на примената на постапките на земање на биометриски податоци укажува на недостатоците на скенирањето на фотографијата во од нос на земањето на истата во живо. Американските безбедносни служби имааат идентичен поглед и во критериумите за воспоставување на безвизен режим со земјите, препорачуваат земање податоци во живо.

Промената на начинот на земање на фотографија од граѓанинот значи промена во системот (хардвер и софтвер), што ќе предизвика и дополнителни инвестиции и трошоци, како за Министерството, така и за граѓаните.

Со почит, М-р Гордана Јанкулоска, *Министер за внатрешни работи*

## ИСПЛАТА НА РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР

Од 01.01.2014 година, задолжителна е исплатата на регрес за годишен одмор. Во продолжение се правилата за исплата на регрес, се дадени износи за надоместоци од плати меѓу кои и за регресот.

Правила за исплата на регрес за годишен одмор:

Со последната Спогодба за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството објавена во „Службен весник на РМ", бр. 189/13 од 31.12.2013 година е уреден НАЈНИСКИОТ износ на Регрес за годишен одмор што мора да се исплати во висина од најмалку 40%од основицата (нето плата по работник во Република Македонија исплатена во последните три месеци).

Правото на регрес за годишен одмор е условено со тоа работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач.

Исплатата на овој најнизок износ на надоместокот е задолжителен за сите субјекти од приватниот сектор. Субјектите кои се вклучени во системот на колективното договарање на ниво на гранка/дејност, односно на ниво на работодавач може да исплатат и повисоки износи доколку се предвидени.Кратки Правила за исплата на регрес за годишен одмор:

• минимален задолжителен износ на регресот е 40% од основицата (тримесечна нето плата исплатена во РМ),

• се исплатува под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач,

• се исплатува еднаш во текот на годината,

• износот се утврдува според основицата која важи на денот на донесувањето на Одлуката за исплата и

• со колективен договор на ниво на дејност или колективен договор на ниво на работодавач може да се утврди регрес за годишен одмор во поголем износ од износот утврден со ОКДДаночен третман на регресот за годишен одмор останува непроменет: при исплатата се пресметува, задржува и плаќа персонален данок на доход од 10%, односно 11,1111% ако се пресметува од износот што се исплатува (нето примање). Регресот за годишен одмор е признаен даночен расход во Даночниот биланс во висина на 40% од просечната месечна бруто плата во РМ

## ПРОМЕНА НА МОДЕЛОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПОРОДИЛНОТО БОЛЕДУВАЊЕ

Предлогот за промена на моделот за исплата на породилно отсуство и боледување доколку влезе во законската регулатива ќе претставува двоен товар за работодавците и тоа:

• обврска за работодавачот да исплати 100% плата за лицето кое е наболедување

• обврска на работодавачот да исплати 100% плата за лицето кое е вработен однос и го заменува лицето кое е на боледување.

Предлогот за промена на моделот за исплата на породилно отсуство и боледување ќе претставува административен и финансиски товар. Работо-давачите нема да вработуваат жени кои се во процес на репродукција и ќе ги отпуштат бремените жени и хроничните болни , што претставува дискриминација на овие лица.

Бараме итно да се повлече овој предлог и ФЗО да спроведе поедноставување на постапката и пропишување на процедура за постапката на боледување во ФЗО и тоа од отварање на боледување, донесување на решение и исплата на надоместокот за боледувањето со точно утврдени рокови .

Доколку се спроведе овој предлог не ма да има потреба од промена во моделот на исплата на породилното отсуство и креирање на уште едно финансиско оптеретување за работодавачите.

Со почит, Снежана Денковска, *Извршен директор на Занаетчиска комора - Скопје*

# УСЛУГИ КОИ ГИ НУДИ ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ



- Регистрација на занаетчии преку едношалтерски систем
- Упис на ТП, ТД (ДОО,ДООЕЛ) во евиденција на вршители на занаетчиска дејност за добивање лиценца
- Спроведување на постапка за вработување и престанок на работен однос на работници и постапка за ослободување од плаќање придонеси за пропишаната категорија на лица
- Регулирање на пензиски стаж со изготвување на М4 обрасци
- Совети за отпочнување на бизнис, бесплатни правни совети финансиски и даночни советувања
- Изработка на елаборати за заштита на животна средина за занаетчии по најповолни цени
- Упис, промена, ликвидација и стечај на ТП, ТД (ДОО, ДООЕЛ)
- Спроведување на стечај за занаетчии
- Посредување при изготвување на потребни документи согласно Законот за безбедност и здравје при работа
  - Систематски прегледи лично и за сите вработени еднаш во текот на 24 месеци
  - Обука за прва помош
  - Изготвување на проценка на ризик со изјава за безбедност
  - План за евакуација и спасување во случај на опасност
- Заверка на договори за практична обука на ученици кај занаетчии
- Организирање на деловни средби, настапи на саеми и учество семинари на членови на комората.



WWW.ZKSKOPJE.ORG.MK

Издава: Занаетчиска комора Скопје

Улица "Битпазарска" број 12, 1000 Скопје,
Република Македонија

Телефон: + 389 (0)2 32 37 850 (Централа)
info@zkskopje.com.mk

Дизајн и припрема: Владимир Пандовски
Печати: Ри-Графика Скопје

ISSN 1857- 8322